МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
МЦМС

# МЦМС е-Билтен

Јуни 2015
БРОЈ 166

## Усвоен Деловниот извештај на МЦМС за 2014 година

На редовната седница на Советот на МЦМС, што се одржа на 24 јуни 2015 година беше усвоен Деловниот извештај за 2014 година со финансискиот извештај и независното ревизорско мислење.

Извештајот го презентираше Александар Кржаловски, прв извршен директор на МЦМС. „Претходната 2014 година беше успешна година за МЦМС", рече тој, „спроведувавме 11 нови и 17 проекти пренесени од претходните години, со вкупен буџет од 76,3 милиони денари. Кржаловски презентираше сумарни информации за секоја од програмите.

Тој истакна дека во 2014 година МЦМС го започна спроведувањето на програмата Цивика мобилитас (2014-2018), поддржана од Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ), а МЦМС почна да функционира и како ресурсен центар на проектот ТАКСО (TACSO) во кој ќе обезбедува услуги во периодот од 2014 до 2017 г.

„Во 2014 година за прв пат се спроведе и проценката на овозможувачката околина за развој на граѓанското општество според истоимената матрица", рече тој и додаде дека врз основа на тоа, публикуван е Извештајот за овозможувачка околина за развој на граѓанскиот сектор во Македонија. Тој се осврна и на Извештајот за проценка на корупцијата што го подготви и објави МЦМС, а кој е прв од ваков вид во Македонија.

Членовите на Советот донесоа и одлука за избор на независен ревизор на МЦМС. Ревизорската куќа Мур Стивенс ќе биде задолжена за ревизијата на МЦМС во следниот четиригодишен период.

Со седницата претседаваше Звонко Шавревски, член на Советот.



## Се одржаа регионалните форуми на Цивика мобилитас во Куманово, Шуто Оризари и Охрид

Под мотото „Твој простор, твој глас", на 10, 23 и 25 јуни оваа година се одржаа регионалните форуми за соработка на програмата Цивика мобилитас во Куманово, во Шуто Оризари и во Охрид.

Општествените промени и соработката беа двете клучни прашања на кои се осврна Симон Форестер, меѓународен експерт на Цивика мобилитас. „Соработката може да помогне во градењето на легитимноста, максимизирање на ресурсите и зјакнување на граѓанското општество", рече тој и додаде дека соработката наместо натпреварот носи поголеми придобивки за граѓанското организирање, а првиот чекор во соработката е идентификувањето на оние кои можат да ја предизвикаат промената.

### КУМАНОВЦИ ГО СТАВИЈА ФОКУСОТ НА МИГРАЦИИТЕ И МЛАДИТЕ

„Она што ги поврзува граѓанските организации се проблемите на кои треба заедно да работат", рече Трајан Димковски учесник на форумот од Руралната коалиција од Куманово. Финансирањето, транспарентноста на граѓанските организации, нивната меѓусебна соработка, иселувањето, поддршката на граѓаните од „Диво населје" беа дел од општествените прашања кои ги идентификуваа на Регионалниот форум во Куманово.




*Од регионалниот форум во Куманово*

Учесниците во групи дискутираа за миграциите и младите. „Миграциите се шок за општеството", рече Сајмон Форестер. Улогата на граѓанските организации е да му помогнат на општеството да го преброди тој шок". Во дискусијата за младите беа истакнати проблемите со нивната партизираност и пасивност со кои треба да се занимаваат граѓанските организации. Учесниците сметаат дека е потребна мотивација и вклучување на младите во креативни и атрактивни активности. Особено внимание треба да се обрне на младите од руралните средини.

### ПОТРЕБЕН Е СТРАТЕШКИ НАМЕСТО АД ХОХ ПРИСТАП

Една од темите за кои зборуваа учесниците беше потребата од деполитизација на општеството. „Слабиот граѓански сектор во Македонија и дозволи на политиката да влезе во сите пори на општеството. Работата на граѓанскиот сектор не стигнува до целната група. Потребна е соработка, здружување, координација меѓу организациите", рече Ване Цветанов од „Зелена лупа".

За Ѓоко Хаџивасков, од „Опстанок", идејата граѓаните да ги вршат промените е идеална, „но", рече тој, „се сомневам дека таков идеал некаде постои". За Ѓунер Небиу од Женската граѓанска иницијатива Антико, здружувањето е многу важно. „Треба да се здружиме во однос на темите што ги работиме, таму имаме експертиза, и, да делуваме на локално ниво, така ќе бидеме помоќни", рече таа.




*Од регионалниот форум во Шуто Оризари*

Присутните зборуваа за нивните искуства од соработката со другите организации или институции. „Како граѓански организации, потребно е да ја гледаме целата слика и да ги прилагодиме нашите чекори кон остварување на таа слика", рече Форестер.

### СОРАБОТКА И СОЛИДАРНОСТ ИМ ТРЕБА НА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

„Мнозинството прави сила, а за тоа ни треба соработка и солидарност", рече Фламур Муладаути, од Центарот за одржлив развој на заедницата од Дебар на регоналниот форум во Охрид. Според него, потребно е да се подобри комуникацијата меѓу граѓанските организации, соработката на организациите со локалните власти, со институциите, со граѓаните воопшто. „Кога ќе бидеме здружени полесно ќе постигнеме ефекти", додаде тој.

Учесниците се согласија дека солидарноста е детерминанта на општеството. Тие предложија градење регионална граѓанска платформа. Една од активностите на платформата би била подигањето на свеста на граѓанските организации за соработка и солидарност. Учесниците сметаа дека треба да се одредат сферите и можностите каде ќе се остварува соработката, а зборуваа и за чинителите: локалната власт, граѓанските организации, граѓаните воопшто, институциите, особено засегнатите за одредени теми кои ќе бидат третирани.

„Соработката не треба да ја гледаме само во функција на предизвикувањето промена", рече Форестер, „додека соработуваме учиме едни од други и сите стануваме посилни", додаде тој.

Претставниците на граѓански организации и граѓански активисти од трите региони, го искористија „отворениот простор" што им го понуди регионалниот форум да разговараат на теми на кои сметаат дека треба да се работи за да се предизвикаат општествени промени.

### Цивика мобилитас - настани

- 22 јули - Регионален форум во Гостивар
- 17-19 јули - Д Фестивал во Дојран
- јули - Објава на добитници на акциски грантови
- јули - Објава на повик за мали и ад-хок грантови

## МЦМС на дебатата „Норми пред форми: Зајакнување на граѓанското општество во Западен Балкан и Турција”

„Владите не треба да гледаат на граѓанското општество како на противник, туку како на сојузник чија критика може да ја подобри нивната работа, да ја зајакне демократијата и да го поддржи предпристапниот процес“, беше пораката што ја упати Улрике Луначек, заменик претседател на Европскиот парламент, која беше домакин на дебатата посветена на опкружувањето во кое делува граѓанското општество во Западен Балкан и Турција. Дебатата се одржа на 4 јуни 2015 година, во Европскиот парламент во Брисел, а МЦМС го преставуваше Симона Огненовска.

Покрај Улрике Луначек и Венера Хајрулаху, претседател на одборот на Балканската мрежа за развој на граѓанското општество (БЦСДН), организатор на дебатата, зборуваше за вредноста и важноста на граѓанското општество во реформите и пристапниот процес во земјите од проширувањето. Учествуваа преку 80 чинители, членови на Европскиот парламент, претставници на Европската комисија, постојани претставници на Европската Унија од земјите членки, како и претставници од европски мрежи на граѓански организации.

Тања Хафнер Адеми, извршна директорка на БЦСДН и Естер Маркус, директорка на Европскиот центар за непрофитно право (ЕЦНЛ) ги претставија предизвиците и препораките за справување со клучните прашања за овозможувачката околина за развој на граѓанско општество на регионално ниво, засновани на наодите од следењето спроведено од членките на БЦСДН.

По регионалниот осврт, претставниците на организациите членки на БЦСДН дискутираа за специфичните предизвици во секоја од земјите.



# Како ќе продолжи поддршката за Ромските организации?

Претставници од МЦМС и ИНСОК, кои се дел од тимот на програмата Пристап на Ромите до фондови, консултатите вклучени во програмата и Надир Реџепи, раководител на проектот на ОСИ „Да се направи максимум со фондовите на ЕУ за Ромите“ (МТМ) на 16 јуни 2015 година во просториите на МЦМС разговараа за текот на спроведувањето на активностите, но и за иднината на поддршката од Фондацијата Отворено општество од Будимпешта.



*Консултантите споделија искуства од терен*

Според МЦМС и ИнСоК, активностите се спроведуваат според планот. Беше истакнато дека во периодот од јануари до април оваа година била поддржана подготовката на 17 проектни идеи кои биле развиени во предлог проекти и поднесени кај различни донатори. Во истиот период три од нив, со вкупен буџет од 177.851 евра биле поддржани, а за 14 со буџет од 1.095.829 евра се чека одговор.

Консултантите ги пренесоа своите искуства од терен. Разговараа за предизвиците со кои се соочуваат во работата со ромските организациите, тесните грла во соработката и резултатите. Според нив, нивото на развој на ромските организациите се уште бара поддршка од сегашниот вид. Тие сметаат дека барем дел од активностите треба да продолжат на истиот начин, а за дел може да се бара поинаков начин на функционирање, без притоа да се потпираат само на поддршката на ОСИ. Имајќи предвид дека оваа фаза од поддршката завршува до крајот на идната година, разговорите за тоа што ќе се случува после 2016 година ќе продолжат.

# Консултации за државното финансирање на граѓански организации

„Состојбите и предизвиците во однос на финансирањето на здруженија и фондации од буџетот на државата“ е темата на консултативните работилници што ги организира Македонската канцеларија на проектот Техничка поддршка на граѓанските организации – ТАКСО и нејзиниот ресурсниот центар - Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС).

Работилниците ќе се одржат во Гостивар (1 јули), Битола (2 јули), Кочани (8 јули и Радовиш (9 јули). Сите работилници започнуваат од 10.30 часот, а локациите ќе бидат дополнително објавени.

Сите заинтересирани за учество на консултациите треба да испратат пополнета пријава на info.mk@tacso.org најдоцна до 24-ти јуни 2015. Пријавата за учество како и повеќе информации за повикот се достапни на: http://tacso.org/news/news_announcements/default.aspx?id=12118&template_id=73&langTag=mk-MK&pageIndex=1

# Граѓанските организации и економските активности – можност за одржливост?

На 7 јули (вторник) 2015 г. во 11:00 ч. во Инфо центарот на ЕУ во Скопје МЦМС ќе организира информативен настан „Граѓанските организации и економските активности – можност за одржливост?”.




Кои се законските новини поврзани со економските активности? Какви се даночните обврски? Има ли потреба од дополнителна регистрација? Кои се предностите, а кои недостатоците и ограничувањата? Какви се правилата на ЕУ поврзани со работењето на граѓанските организации?

На овие и на други прашања од интерес на граѓанските организации одговор ќе даде Николаки Миов, авторот на новиот прирачник „Економски активности: Вршење дејност од граѓанска организација“. Прирачникот го издаде МЦМС како дел од напорите за создавање овозможувачка околина за функционирање на граѓанските организации. Наменет им е на граѓанските организации кои се занимаваат или пак сакаат да започнат да се занимаваат со економски активности.

Информативниот настан им е наменет на сите заинтересирани, а најмногу на раководствата и сметководителите на граѓанските организации.

Пријавувањето за настанот е до 3 јули (петок) 2015 година. За сите дополнителни информации побарајте ја Симона Огненовска на е-маил sog@mcms.mk или на тел. 02/3088-985.

МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
ул. Никола Парапунов 41а, П.Фах 55, 1060 Скопје
тел: +389 2 3065381 | факс: +389 2 3065298 | www.mcms.mk | mcms@mcms.mk